Врз основа на член 37 од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија" бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/19) и член 106 од Законот за општа управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15) Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија на седницата одржана на 22 февруари 2021 година донесе

# **Р Е Ш Е Н И Е**
## **за запирање на Приговор**

1. Постапката поведена по поднесениот Приговор од Мирсат Ќазими од с. Јажинце, Јегуновце, Куманово УП2 бр. 09 – 22/21 од 25 јануари 2021 година СЕ ЗАПИРА.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

### **О б р а з л о ж е н и е**

Мирсат Ќазими од с. Јажинце, Јегуновце, Куманово до Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија поднесе Приговор УП2 бр. 09 – 22/21 од 25 јануари 2021 година, против Решение за согласност за приклучок на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје бр. 11-358 од 24 април 2019 година издадено од КЕЦ Тетово, против висината на трошокот за приклучок, 72.779,00 денари за 11kW.

Жалителот на 17 февруари 2021 година достави Изјава во која изјавува дека го повлекува поднесениот Приговор.

Имајќи го предвид горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО**: Против ова Решение може да се поведе управен спор пред Управен суд на Република Македонија во рок од 30 дена од денот на приемот на истиот.

**УП2 бр. 09-22/21**
**22 февруари 2021 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги**
**на Република Северна Македонија**
**Марко Бислимоски**